SONY

# Дигитален фотоапарат за снимање видеозаписи со висока дефиниција

## HDR-AS15

Во следниов дел се опишани овозможените/променетите функции со ова ажурирање на фирмверот, и како да работите со нив.
Погледнете во „Водич за употреба“ и „Прирачник“.

© 2013 г. Sony Corporation

# Префрлање Режим за копирање/ Режим за далечинска контрола

Приказ на параметри




За време на работата со паметна далечинска контрола, можете да се префрлате помеѓу режимите копирање/далечинска контрола преку паметен телефон.

1 Вклучете го фотоапаратот и поставете го во режим на снимање (филм/снимање интервал на фотографија)

.

2 Активирајте ја апликацијата на вашиот паметен телефон и поврзете го телефонот со фотоапаратот преку безжична мрежа.

За информации во врска со параметрите на паметниот телефон, погледнете во прирачникот „Поставување на паметниот телефон“.

3 Променете го режимот на фотоапаратот со помош на „PlayMemories Mobile“ на паметниот телефон.

**Забелешки**

- Ажурирајте ја „PlayMemories Mobile“ до најновата верзија (верзија 3,0 или понова) пред да ја стартувате функцијата за паметна далечинска контрола.
- Можете да работите во следниве режими на снимање.
  – Режим на филм/режим на снимање интервал на фотографија
- Оваа функција може да се вклучи само кога фотоапаратот е во состојба на подготвеност во режимот на снимање.

## Ставки во менито што се променети со ажурирањето на овој фирмвер

- [SEND] (Испрати) е избришана. Можете да го поврзете фотоапаратот безжично само во режим на снимање. Следете ги погоре опишаните чекори за да го поврзете фотоапаратот преку безжична мрежа и префрлете на режим на копирање со помош на паметен телефон.
- Стандардниот параметар на [A.OFF] (Автоматско исклучување) е променет од [10 сек] на [60 сек].
- Стандардниот параметар на [RMOTE] (Далечинска контрола) е променет од [ON] (Вклучено) на [OFF] (Исклучено).

**Забелешки**

- Бидејќи стандардниот параметар на [RMOTE] е променет на [ON] (Вклучено), може да се зголеми потрошувачката на енергија кога фотоапаратот не е поврзан преку безжична мрежа и да доведе до пократко време за снимање. Се препорачува [RMOTE] да биде на [OFF] (Исклучено) кога фотоапаратот не е поврзан преку безжична мрежа.
- Откако ќе се изврши [RESET] (Повторно поставување), со надградбата на овој фирмвер, параметрите на фотоапаратот се враќаат на стандардните.